ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 15 – 220/10**

**Дата:** 14.08.2013

**ДО**
**ВРХОВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи на Врховен суд на Република Македонија на сметката за основниот буџет (603) за 2012 година, заедно со ревизија на усогласеност.

Извршена е ревизија на финансиските извештаи на Врховен суд на Република Македонија за 2005 година и изразено е позитивно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и законското и наменското трошење на средствата.
Со ревизијата на преземените мерки по дадените препораки се констатира дека Врховен суд на Република Македонија преземал мерки по дадената препорака.

За финансиските извештаи на Врховен суд на Република Македонија за 2012 година изразивме негативно мислење за вистинитоста и објективноста на билансот на состојба, позитивно мислење за билансот на приходи и расходи и мислење со резерва за усогласеноста со законската регулатива, упатствата и воспоставените политики.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2012 година, заедно со ревизија на усогласеност во Врховниот суд на Република Македонија констатирани се недоследности во делот на: обезбедување на уредна и веродостојна документација за воведување на нематеријални и материјални средства во деловните книги; запишување на правото на сопственост во Јавната книга за запишување на правата на недвижностите; донесување акт за отстапување на правото на користење и воспоставување евиденција во деловните книги на Врховен суд на Република Македонија; преземање на мерки и активности за квалитетно вршење на попис и доделувањето на договорите за јавни набавки.

Законскиот застапник на Врховен суд на Република Македонија потребно е да продолжи со преземените активности за надминување на утврдените состојби.

Утврдени се системски слабости во делот на:

- неусогласеност на Општиот колективен договор за јавниот сектор на Република Македонија со Законот за работни односи и Законот за минимална плата во Република Македонија, со што е оневозможено и усогласување на гранските колективни договори и колективните договори на ниво на работодавач, вклучувајќи го и Колективниот договор за државните, правосудните и органите на локалната самоуправа на Република Македонија;
- недонесен подзаконски акт за определување на начинот на функционирање на информатичкиот систем во судовите и единствена методолошка и технолошка основа за поставување, одржување и функционирање на информатичкиот систем како и неажурирана Стратегија за информатичко комуникациска технологија за правосудство.

Во насока на обезбедување на нормално функционирање на судската власт извршивме нагласување на прашањата за неизвесност во делот на:

- необезбедување на потребни средства за финансирање на судската власт што влијае на условите за извршување на надлежностите на Судот и создава состојба раководителот на субјектот да презема обврски над одобрените средства со финансискиот план;
- необезбедување на доволно средства за инвестиции и одржување на ИТ хардверски и софтверски системи во судскиот систем како и средства за нови вработувања на стручен персонал од областа на информатичката технологија;
- АКМИС-от односно неизвесноста и ризикот дека, по истекот на договорениот пост гарантен период за одржување на системот (15.01.2016 година), Врховниот суд на Република Македонија и сите судови во Република Македонија во целина можат да бидат изложени на дополнителни и непредвидени трошоци за одржување и евентуални промени и надградби на системот кои ќе треба да се прават во наредниот период и
- отпочнувањето на користењето на системот за електронска достава на судски документи со оглед на истечениот едногодишен гарантен период (31.03.2013 година), како и висината на финансиски средства потребни за ставање на системот во функција, а кои не се обезбедени со финансискиот план на Врховниот суд на Република Македонија односно судскиот буџет за 2013 година.

Не се примени забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 15-220/4 од 25.06.2013 година.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страните од 22 до 24 заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основниот буџет (603) на Врховен суд на Република Македонија, која се состои од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за 2012 година, преглед на промените на изворите на деловните средства и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансискиот извештај.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи за 2005 година на Врховен суд на Република Македонија и е изразено позитивно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и законското и наменското трошење на средствата.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај, се одговорност на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај застапувано од:

- Јово Вангеловски, претседател на Врховен суд на Република Македонија од 17.07. 2008 година;
- Милка Стефкова, вршител на должноста претседател на Врховен суд на Република Македонија од 18.07.2012 година и
- Лидија Неделкова, претседател на Врховен суд на Република Македонија од 04.12.2012 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите

материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и трошоците на Врховен суд на Република Македонија се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цел и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали е резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовка и објективно презентирање на финансискиот извештај со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во

околностите но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 11.03.2013 до 26.04.2013 година од тим на Државниот завод за ревизија.

**3. Осврт на ревизијата за 2005 година - спроведување на препораките**

Ревизијата од точка 1.1. погоре опфати ревизија на спроведување на препораките дадени во Конечниот извештај на ОДР за 2005 година. Со ревизијата на преземените мерки по дадените препораки се констатира дека Врховен суд на Република Македонија преземал мерки по дадената препорака (Преглед I).

**4. Наоди и препораки**

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на Врховен суд на Република Македонија – предмет на ревизија, одржан на ден 30 мај 2013 година.
Не се примени забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 15-220/4 од 25.06.2013 година.

4.1. **Финансиски извештаи**
**Биланс на состојба**

4.1.1. Со членот 82 и членот 83 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ број 58/06, 62/06, 35/08, 150/10 и 39/12) е уредено дека во делокругот на правосудната управа која ја врши Министерството за правда, меѓу другото спаѓа и обезбедувањето општи услови за вршење на судската власт и обезбедување материјални, финансиски, безбедносни, просторни и други услови за работа на судовите. Во текот на 2010 и 2011 година за потребите на Врховниот суд на Република Македонија (во понатамошниот текст Врховниот суд), набавени се материјално-технички средства (хардвер и софтвер) во рамки на Проектот за правна и правосудна имплементација и институционална поддршка (LJIIS) при Министерството за правда, финансиран со заем од Светска Банка-Меѓународна Банка за Обнова и Развој (IBRD), како дел од третата компоненета на проектот - Подобрување на судските системи со информатичка технологија.
Во известувачкиот период во деловните книги на Врховниот суд евидентирано е зголемување на долгорочните средства (материјални и нематеријални средства) со ревалоризирана набавна вредност во износ од

9.285 илјади денари и исправка на вредноста во износ од 2.518 илјади денари, врз основа на повеќе доставени известувања од Министерството за правда за воведување во книговодствена евиденција на набавените материјално-технички средства (хардвер и софтвер).

Врз основа на извршениот увид во доставените известувања, приложената пропратна документација (договори, фактури, испратници и друго), како и искажаните податоци во деловните книги, ревизијата ги утврди следните состојби:

- средствата кои се набавени и примени во Врховниот суд во текот на 2010 и 2011 година, за прв пат се воведени во деловните книги во известувачкиот период за 2012 година;
- постои неусогласеност кај дел од ставките и количините на испорачани средства од приложените испратници, доставените известувања и спроведената евиденција[1];
- во деловните книги воведено е нематеријално средство "Решение за централен бекап (хардвер и софтвер)" кое во себе покрај инсталиран софтвер, содржи и испорачани материјални средства (сервери), при што не е извршено раздвојување на вредноста на материјалните од нематеријалните средства во деловните книги;
- кон известувањата приложени се примероци од склучените договори меѓу Министерство за правда и добавувачите како и друга пропратна документација (за потврдување на приемот и инсталацијата на средствата) кои се изготвени на англиски јазик.

Утврдените состојби не се во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Законот за употребата на македонскиот јазик и влијаат врз утврдување на реалноста и објективноста на искажаната состојба на средствата во деловните книги.

**Препорака**

Раководителот на субјектот во соработка со надлежните органи да обезбеди навремено обезбедување на уредна и веродостојна документација како основ за воведување на доделените средства во сметководствената евиденција.

4.1.2. Врховниот суд е сместен и користи објект судска зграда Правосудни органи - висок дел на Булевар Крсте Мисирков бб, Скопје, при што во еден дел од истиот објект е сместен и Основниот суд Скопје 2. За наведениот објект не е извршено запишување на правото на сопственост во Јавната книга за запишување на правата на недвижностите, не е донесен акт за отстапување на правото на користење и не е воспоставена евиденција во деловните книги

[1] Еден сервер е примен со испратница и воведен во евиденцијата на Врховниот суд со вредност во износ од 365 илјади денари но истиот не е наведен во известувањето од Министерство за правда; со испратница примени се два компјутери од кои само еден е воведен во известувањето од Министерство за правда и евиденцијата на Врховниот суд со вредност од 44 илјади денари.

на Врховниот суд. Причина за ваквата состојба е недоставувањето на потребната документација за запишување на правото на недвижноста од страна на Министерството за правда.

Во исто време во деловните книги на Врховниот суд во известувачкиот период на позицијата градежни објекти искажани се средства во вредност од 2.119 илјади денари (Правосудна зграда-Висок дел со сегашна вредност од 1.168 илјади денари и Останати градби - фонтана со сегашна вредност од 951 илјади денари), за кои на ревизијата не и беше презентирана поткрепувачка документација за потврдување на основот и вредноста на евидентираните средства.

Наведената состојба не е во согласност со одредбите на Законот за катастар на недвижности, Законот за користење и располагање со ствари на државни органи и Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и предизвикува неможност од потврдување на реалноста и веродостојноста на искажаните податоци за вредноста на градежните објекти во финансиските извештаи.

Во текот на 2013 година од страна на Врховниот суд и надлежните органи преземени се одредени активности за надминување на утврдената состојба и тоа:

- Претседателот на Врховниот суд до Министерството за правда, доставил Барање, заведено под 03 Бр.306/2013 од 05.03.2013 година, со кое се бара иницирање на постапка судската заграда Правосудни органи - висок дел, “да се даде на користење на Врховниот суд и да се определи вредноста на зградата, за да може да се води во категорија – основни средства“;
- со Известување број 03-1043/1 од 15.03.2013 година, Министерството за правда известува дека за објектите во кои се сместени Врховниот суд и Основниот суд Скопје 2, од страна на Владата на Република Македонија, донесена е Одлука број 41-167/1 од 22.01.2013 година[2] за запишување на право на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Македонија во Јавната книга за запишување на правата на недвижностите, врз основа на што е отпочната постапка кај Агенцијата за катастар на недвижности. Во исто време, со известувањето се дава информација[3] дека заклучно со 31.12.2012 година сегашната ревалоризирана вредност на наведениот објект изнесува 527.985 илјади денари, а “комплетни податоци и документацијата со која располага Министерството за правда ќе бидат доставени по завршување на активностите за доделување на корисничкото право“.

**Препорака**

Надлежните органи и раководителот на субјектот да продолжат со преземените активности и обезбедат:

2 Одлука за запишување право на сопственост на недвижни ствари кои се наоѓаат во Скопје на Булевар Крсте Мисирков 66 на КП бр.8887/1 КО Центар.

3 “за потребите на постапката за осигурување“.

- запишување на правото на сопственост на недвижноста за горе наведениот објект;
- донесување на акт за доделување на право на користење на недвижноста за двата субјекти кои се сместени во објектот;
- запишување на корисничкото право на имотот во надлежната Агенција;
- документирање и утврдување на вредноста на објектот и
- воведување на објектот во деловните книги.

4.1.3. Во 2009 година спроведена е постапка и склучен е „Договор за јавна набавка на стоки“ број 0307-154/09 од 02.02.2009 година на вкупен износ од 14.591 илјади денари со предмет на набавка „Надградба и имплементација на постоечката Firewall Check Point архитектура во судовите во Република Македонија со видот и количината на стоката како во спецификацијата на тендерската документација и прифатената понуда“, што претставува надградба на постојниот инсталиран Firewall Check Point во Врховниот суд (хардвер и софтвер) и набавка и инсталација на Firewall Check Point (хардвер и софтвер) во сите останати судови во Република Македонија. Со склучениот договор за јавна набавка, покрај набавка на специфицираниот хардвер и софтвер, обезбедена е и годишна софтвер претплата и одржување на Firewall Check Point во Врховниот суд и во судовите на Република Македонија како и услуги за имплементација и одржување во Врховниот суд и во сите судови. Според приложената писмена „Изјава на испорачателот за видот на испорачаната опрема“ број 03-791/09 од 29.04.2009 година испорачани се софтверски продукти со вкупна вредност од 12.740 илјади денари и хардверски продукти од 1.851 илјади денари.

Со извршената ревизија на спроведената евиденција на набавените средства во деловните книги и извршениот увид во расположливата документација од реализираната набавка ревизијата констатира:

- заклучно со 31.12.2012 година, набавените хардверски и софтверски продукти не се воведени во деловните книги на Врховниот суд;
- постои одредена неусогласеност на описот на ставките, количините и цените од договорот во однос на испорачаниот и фактурираниот хардвер, софтвер и годишната софтвер претплата за Врховниот суд и сите судови во Република Македонија, иако нивната вкупната вредност од 14.591 илјади денари е усогласена;
- кон издадената фактура од 09.04.2009 година приложени се две испратници со истиот датум, од кои едната содржи ставки кои се испорачани и инсталирани само во Врховниот суд, додека другата содржи ставки кои се испорачани и инсталирани во Врховниот суд и во останатите судови на Република Македонија. Испратниците се верификувани од одговорните лица во Центарот за информатика на Врховниот суд, но не и од одговорните лица на судовите во Република Македонија;

- во текот на 2013 година, дел од набавените средства (хардвер и надградба на софтвер) се воведени во деловните книги[4] на Врховниот суд и евидентирано е зголемување на материјални средства со набавна вредност од 1.025 илјади денари и нематеријални средства од 2.380 илјади денари, кои според склучениот договор се наменети за потребите само на Врховниот суд, додека за останатите набавени средства (хардверски и софтверски продукти) кои според договорот се наменети за останатите судови во Република Македонија со вкупна договорна вредност од 4.034 илјади денари не е утврден правниот статус, не се доставени известувања до судовите за воведување во евиденција на испорачаните и инсталирани средства и истите не се евидентирани во деловните книги на Врховниот суд и останатите судови.

Погоре утврдените состојби не се во согласност со Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и имаат за ефект неможност од потврдување на реалноста и објективноста на искажаните состојби на средствата, намалување на квалитетот на финансиските извештаи и информациите што ги даваат истите.

**Препорака**

Раководителот на субјектот да ги задолжи одговорните лица да вршат целосно, правилно и навремено евидентирање на материјалните и нематеријалните средства во материјалната и финансиската евиденција и обезбедат нивно усогласување.

Раководителот на субјектот да формира работно тело кое ќе го утврди правниот статус, видот и вредноста на средствата кои се испорачани и инсталирани во судовите во Република Македонија и ќе достави уредни и веродостојни податоци за нивно евидентирање во судовите кои ја користат опремата.

4.1.4. Од извршениот увид во расположливата документација за спроведениот попис за 2012 година, ревизијата констатира состојби кои не се во согласност со одредбите од Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и тоа:

- не е воспоставена пракса да се врши задолжување со реверси за опремата која ја користат вработените, освен за лап топ компјутерите;
- не се составени пописни листи за нематеријалните средства и за градежните објекти;
- не се попишани одредени средства (материјални и нематеријални) кои биле физички присутни во Врховниот суд во периодот на вршење на пописот, иако со донесеното Упатство е одредено комисијата за попис, при вршење на физичкиот попис да ги попише сите предмети на местата

[4] Налог за книжење 13-1 од 18.04.2013 година.

на пописот во седиштето на Врховниот суд и да утврди „количински вредности и разлики (кусок и вишок)“, да ги утврди причините за настанатите разлики и да се изврши вредносно усогласување.

Недоследното почитување на законските и подзаконските акти за вршење на попис влијае на можноста на потврдување на реалноста и објективноста на искажаните состојби во деловните книги.

**Препорака**

Раководителот на субјектот да преземе активности за:

- воспоставување на пракса за задолжување на вработените лица со опремата која ја користат;
- задолжување на лицата номинирани за вршење попис за целосно, правилно и квалитетно извршување на пописот.

### 4.2. Користење на средствата согласно законски прописи

4.2.1. Во текот на известувачкиот период спроведена е постапка и со единствениот понудувач склучен е договор за јавна набавка на услуга “Обнова (subscription) и одржување на Firewall Check Point во судовите на Република Македонија и Судскиот совет на Република Македонија, за период од 12 месеци“ заведен со број 0307 бр.997/2012 од 09.07.2012, во вредност од 4.741 илјади денари. Постапката е спроведена заради обновување на годишната софтвер претплата и одржување на софтверските продукти Firewall Check Point за потребите на Врховниот суд, сите судови во Република Македонија и Судскиот совет на Република Македонија. За овој вид на услуга, постапки за доделување на договори за јавна набавка се спроведени и во 2009, 2010 и 2011 година по што се склучени договори за јавна набавка со истиот економски оператор. Исто така и во 2013 година објавен е оглас за доделување на договор за јавна набавка[5] за “Firewall Check Point во судовите на Република Македонија и Судскиот совет на Република Македонија за 12 месеци“, а до денот на известување од извршената ревизија постапката не е завршена и не е склучен договор за јавна набавка.

Со извршената ревизија на начинот на планирање и спроведување на постапките, како и реализација на склучените договори за јавна набавка, врз основа на презентираната документација, констатирани се состојби кои упатуваат на недоследно почитување на одредбите на Законот за јавни набавки и подзаконските акти од оваа област и тоа:

- огласот за отворената постапка за доделување на договор за јавна набавка во 2012 година е објавен на ЕСЈН[6], но не и во Службен весник на Република Македонија. На огласот се јавил еден понудувач чија понуда ја надминува вредноста на обезбедените средства поради што постапката е

[5] Оглас број 5/2013.
[6] Оглас број 561/2012.

поништена. По тоа спроведена е постапка со преговарање без претходно објавување на оглас и склучен е договор со единствениот понудувач во вредност што е во рамки на обезбедените средства;

- со договорот за јавна набавка, кој е склучен на 26.06.2012 година е уредено дека носителот на набавката е должен да ги изврши услугите во период од 01.03.2012 до 01.03.2013 година за Врховниот суд и сите судови и од 01.05.2012 до 01.05.2013 година за Судскиот совет на Република Македонија, што е пред датумот на склучување на договорот, од причина што претплатата кај производителот се обновува еднаш годишно на фиксен датум со важност од една година. Во тендерската документација и понудата не се наведени конкретни датуми, единствено е наведено дека услугата треба да се користи во период од 12 месеци, додека во Известувањето за склучен договор за јавна набавка кое е објавено на ЕСЈН наведен е датум на користење на услугата од 26.06.2012 до 26.06.2013 година. Ваквата состојба упатува на спроведување на постапка за доделување на договор за јавна набавка за познат понудувач и создава ризик, поради ненавремено обезбедени средства[7] за таа намена, да не може навремено да се спроведе постапка и да се склучи договор за јавна набавка;
- со одлуката за јавна набавка како и дефинираните технички спецификации се врши упатување на конкретно производство „Check Point“, а во тендерската документација утврдено е задолжително исполнување на условот „понудувачот да е авторизиран партнер на производителот Check Point за територија на Република Македонија“ со што се врши упатување на конкретен производител без да биде придружено со зборовите “или еквивалентно“ и овозможува фаворизирање или елиминирање на определени економски оператори што не е во согласност со член 36 од Законот за јавни набавки. Причина за ваквата состојба е тоа што во рамки на Проектот за модернизација на судството во Македонија во 2007 година инсталирани се уреди кои поддржуваат единствено софтвер од производителот Check Point и нема техничка можност да се набави истата услуга од друг производител;
- набавките за кои се обезбедуваат средства во рамки на Годишната програма за инвестирање од Буџетот за судска власт имаат третман на капитални расходи, а во исто време не се евидентира набавка и не се зголемува вредноста на долгорочните средства во Билансот на состојба на Врховниот суд. Во овој вид на набавка заедно се вклучени и обнова на претплатата и одржување, поради што не може да се разграничи дали овој тип на набавка може да се третира како услуга за одржување или надградба на постојните средства со оглед дека со обновувањето на претплатата се обезбедува постојана надградба и ажурирање на софтверот за заштита;

[7] Средствата се обезбедени со Решение за обезбедување на финансиски средства за капитални расходи (број 01-309/3 од 28.02.2012 година) донесено од Судски буџетски совет.

- со решенијата кои ги донесува Судскиот буџетски совет[8] за обезбедување на финансиски средства за капитални расходи на единките корисници на Буџетот за судската власт за 2011, 2012 и 2013 година се одобруваат средства на Врховниот суд за спроведување на постапка за јавна набавка на годишна софтвер претплата за Firewall Check Point во судовите во Република Македонија и Судскиот совет на Република Македонија, без притоа, пред да се отпочне со постапката за доделување на договор за јавна набавка да се пристапи кон склучување на договори за групна јавна набавка и спроведување на групна набавка во смисла на член 24 од Законот за јавни набавки.

Погоре наведените состојби упатуваат на несоодветно постапување во доделувањето на договорите за јавна набавка на наведената услуга и предизвикуваат можност од несоодветно искористување на средствата.

**Препорака**

Раководителот на субјектот да ги преземе неопходните активности за надминување на утврдените состојби и обезбеди:

- спроведување на постапките за доделување на договори за јавни набавки во согласност со одредбите на законските и подзаконските акти;
- да се преиспита можноста за овој вид на набавка да се склучува рамковна спогодба;
- навремено да се обезбедуваат потребните средства за отпочнување на постапка за доделување на договор за јавна набавка и
- соодветно разграничување помеѓу тековни и капитални расходи и нивно евидентирање во деловните книги.

**Вкупни ефекти од наодите**

Вкупниот ефект од утврдените состојби предизвикува: недоследности во делот на обезбедување на уредна и веродостојна документација за воведување на нематеријални и материјални средства во деловните книги; неизвршено запишување на правото на сопственост во Јавната книга за запишување на правата на недвижностите; недонесен акт за отстапување на правото на користење и невоспоставена евиденција во деловните книги на Врховниот суд и недоследности при спроведување на пописот кое резултираше со давање на негативно мислење за вистинитоста и објективноста на финансискиот извештај - биланс на состојба.

[8] Средствата за оваа намена се исплаќаат од финансискиот план (буџет) на Судски буџетски совет.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 4.1.1.; 4.1.2.; 4.1.3. и 4.1.4. финансискиот извештај - биланс на состојба не ја прикажува вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Врховниот суд на ден 31 декември 2012 година.

Според наше мислење, финансискиот извештај - биланс на приходи и расходи за 2012 година и резултатот од финансиските активности за годината се вистинито и објективно искажани, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење освен за ефектите на прашањата изнесени во точките 4.1.4. и 4.2.1. активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи на Врховниот суд, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Системски слабости

6.1. Одредбите на член 109, став 2 од Законот за судовите упатуваат дека висината на платите и другите надоместоци на судските службеници и другите вработени во судовите се определуваат со закон и со колективен договор и член 3 став 2 од Законот за судска служба кој упатува дека лицата вработени во судовите кои вршат технички и помошни работи немаат статус на судски службеници и за нив важат општите прописи за работни односи, при што за оваа категорија на вработени потребно е да се почитуваат одредбите на Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ број 62/05, ....25/13).

Со одредбите на член 205 став 2 од Законот за работните односи е уредено дека општиот колективен договор за јавниот сектор се применува непосредно и е задолжителен за работодавачите и вработените во јавниот сектор.

Со членот 47 од Законот за изменување и дополнување на Законот за работни односи („Службен весник на Република Македонија“ број 130/09) е утврдена обврската „Општите колективни договори се усогласуваат со одредбите од овој закон во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон“ односно најкасно до 4 мај 2010 година, а колективните договори на ниво на гранка, односно оддел и колективните договори на ниво на работодавач се усогласуваат во рок од шест месеци од потпишувањето на општите колективни договори.

Исто така со одредбите на член 8 од Законот за минимална плата во Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 11/12) е утврдена

обврска за усогласување на постојните колективни договори во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на наведениот закон[9].

До денот на ревизијата не се превземени мерки и активности за:

- усогласување на Општиот колективен договор за јавниот сектор на Република Македонија, а со тоа е оневозможено и
- усогласување на гранските колективни договори и колективните договори на ниво на работодавач, вклучувајќи го и Колективниот договор за државните, правосудните и органите на локалната самоуправа на Република Македонија и
- усогласување на одредбите на член 21 од Општиот колективен договор за јавниот сектор во Република Македонија, утврдување на висината на трошоците поврзани со работа и нивно усогласување на годишно ниво со анекс на колективниот договор.

Наведената состојба влијае на можноста за целосно уредување и начинот на остварување на правата и обврските на работниците и работодавачите од работен однос во јавниот сектор на Република Македонија.

6.2. Член 99 од Законот за судовите, уредува дека во Врховниот суд се формира центар за информатика со база на податоци за Судскиот информатички систем, додека во Министерството за правда се воспоставува единствен информатички центар со база на податоци за сите правосудни органи. При тоа Министерството за правда обезбедува поставување, одржување и функционирање на информатичкиот систем врз единствената методолошка и технолошка основа, а Министерот за правда со подзаконски акт го определува начинот на функционирање на информатичкиот систем во судовите (во Врховниот суд и во Министерството за правда). Ревизијата утврди дека споменатиот подзаконски акт не е донесен, ниту единствената методолошка и технолошка основа со која ќе се обезбеди поставување, одржување и функционирање на информатичкиот систем.

Од страна на Министерството за правда донесена е Стратегија за информатичко комуникациска технологија за правосудство за периодот 2007-2010 година, која е објавена и на Веб страната на Министерство за правда, при што не се преземени активности за нејзино изменување и дополнување и истата би се однесувала за тековниот и наредниот период.

Ревизијата препорачува надлежните органи да преземат активности за изработка и донесување на наведените подзаконски акти и ажурирање на Стратегијата за информатичко комуникациска технологија за правосудството.

[9] Законот за минимална плата е донесен на ден 24.01.2012 година а стапува во сила на ден 01.02.2012 година.

## 7. Нагласување на прашања за неизвесност

7.1. Со одредбите на член 108 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ број 58/06, 62/06, 35/08, 150/10 и 39/12) е утврдено дека средствата за работа на судовите се обезбедуваат со Судскиот буџет, како посебен дел на Буџетот на Република Македонија, означен со „Судска власт“. Постапката за изготвување, утврдување и извршување на Судскиот буџет е уредена со одредбите на Законот за судскиот Буџет („Службен весник на Република Македонија“ 60/03, 37/06, 103/08 и 145/10).

Со одредбите на член 16 од Законот за изменување и дополнување на Законот за судскиот буџет се предвидува делот на средствата „Судска власт“ во Буџетот на Република Македонија, потребни за функционирање на единките корисници да го достигне предвидениот процент од 0,8% од бруто домашниот производ, со одредена динамика започнувајќи од 2012-2015 година. Во 2012 година предвидено е истиот да достигне ниво од 0,5% од БДП. Но, имајќи го во предвид изменувањето и дополнувањето на Буџетот на Република Македонија за 2012 година (“Службен весник на Република Македонија“ број 71 од 07.06.2012 година), нивото на обезбедени средства изнесува 0,38% поради што надлежното министерство и Судскиот буџетски совет потребно е да преземат соодветни мерки и активности за обезбедување на потребните средства и обезбедување услови за непречено функционирање на судската власт.

Врховниот суд со состојба 31.12.2011 година има пренесено неподмирени преземени обврски во износ од 5.766 илјади денари. Со Одлуката за конечна годишна распределба на Буџетот за 2012 година на Врховниот суд му се одобрени 11.036 илјади денари[10] додека извршените расходи за истата година изнесуваат 10.773 илјади денари. На крајот на годината, со состојба 31.12.2012 година Врховниот суд прикажува неподмирени обврски во износ од 5.474 илјади денари (графикон).

Необезбедувањето на потребните средства за подмирување на обврските на Врховниот суд влијае на: условите за извршување на надлежностите на Врховниот суд; нарушување на едно од основното буџетско начело „сеопфатност“ при изготвување, донесување, извршување и известување за извршувањето на Буџетот на Република Македонија и доведување во состојба на раководителот на субјектот да превзема обврски надвор од одобрените средства со финансискиот план, што е спротивно на член 7 став 2 од Законот за буџетите.

[10] Одобрени средства на поткатегорија 42 – Стоки и услуги.

**Анализа на состојбата на одделни ставки (000 ден)**




| | 420 | 421 | 423 | 424 | 425 | 426 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Одобрени средства со Конечна годишна распределба на буџетот за 2012 година | 1 | 6,930 | 605 | 3,001 | 302 | 197 |
| Реализирани средства во 2012 година | - | 6,928 | 605 | 2,798 | 270 | 172 |

*420-патни и дневни расходи;
*421-комунални услуги, греење, комуникација и транспорт;
*423-материјали и ситен инвентар;
*424-поправки и тековно одржување;
*425-договорни услуги;
*426-други тековни расходи

7.2. Со членот 82 и членот 83 од Законот за судовите е уредено дека во делокругот на правосудната управа која ја врши Министерството за правда, меѓу другото спаѓа и обезбедувањето општи услови за вршење на судската власт и обезбедување материјални, финансиски, безбедносни, просторни и други услови за работа на судовите. Од друга страна согласно со интерниот акт за внатрешна организација и систематизација на работните места во Врховниот суд утврден е делокругот на активности на раководителот на службата за информатика, во кој меѓу другото спаѓа и предлагање на “финансиски планови за обезбедување на средства за потребите на ИТ софтверски и хардверски системи од инвестирања и трошоци во наредниот период“, организирање “информатичка поддршка“ и предлагање “унифицираност на ИТ софтверски и хардверски решенија во пониските судови во Република Македонија“.

Во таа смисла, а заради утврдување на потребите од инвестиции и трошоци поврзани со функционирањето на информатичката технологија во Врховниот

суд и судството на Република Македонија за 2013 година, од страна раководителот на службата за информатика во текот на 2012 година изготвени се два документи и тоа:

- "Потреби за потрошен материјал, инвестиции и трошоци за информатичка технологија во Врховниот суд за 2013 година" број 03-1027/12 од 13.07.2012 година кој е доставен до судскиот администратор на Врховниот суд, при што проценетата вредност на потребните средства за оваа цел изнесува вкупно 2.773 илјади денари и
- "Потреби од инвестиции и одржување на IT хардверски и софтверски системи во судскиот систем на Република Македонија за 2013 година", заведен под број бр.03-1532/12 од 28.11.2012 година, кој е доставен до в.д. Претседателот на судот, при што проценетата вредност на потребните средства за оваа цел изнесуваат вкупно 57.486 илјади денари. Истовремено со споменатиот документ потенцирана е и неопходноста "да се зголеми бројот на IT персонал вработен во судскиот систем на Република Македонија" со цел "успешно одржување на функционалноста на веќе поставените IT хардверски и софтверски системи во судскиот систем на Република Македонија".

На ревизијата и се презентирани вкупно три Решенија за обезбедување на финансиски средства за капитални расходи на единките корисници на Буџетот за судската власт, донесени во 2013 година од страна на Судскиот буџетски совет, со кои се обезбедува само дел од проценетата вредност на потребните средства во вкупен износ од 11.260 илјади денари. При тоа со две Решенија одобрени се средства од Буџетот на Република Македонија за 2013 година на вкупен износ од 6.160 илјади денари и со едно Решение на вкупен износ од 5.100 илјади денари одобрени се средства од Буџетот на Република Македонија за 2013 година во висина од 2.560 илјади денари и врз основа на проекција за Годишната програма за инвестирање од Буџетот за судската власт за 2014 година одобрени се 2.540 илјади денари.

Ревизијата констатира дека за останатите наведени потреби за инвестиции и одржување на IT хардверски и софтверски системи во судскиот систем на Република Македонија за 2013 година, со проценета вредност во висина од 48.096 илјади не се обезбедени средства, ниту се обезбедени средства за нови вработувања на стручен персонал од областа на информатичка технологија. (Прилог број 1).

Ваквата состојба на недоволно обезбедени финансиски средства како и недоволно вработени стручен лица од областа на информатичките технологии во судскиот систем на Република Македонија во целина, доведува до неизвесност од обезбедување на неопходните услови за понатамошно непречено функционирање на судскиот информатички систем, поради што се наметнува потребата надлежните органи да ги преиспитаат потребите и определат приоритети, за кои во наредниот период ќе бидат обезбедени средства од Буџетот на Република Македонија.

7.3. Во рамки на Проектот за имплементација на судски реформи (ЈРИП[11]), кој е реализиран преку проектната канцеларија на Министерството за правда, во периодот 2007-2011 година за потребите на судовите во Република Македонија реализирана е набавка и имплементација на Автоматизираниот систем за управување со судски предмети и информатички систем (АКМИС[12]). Во рамки на проектот реализирана е набавка на опрема и софтвер кои се инсталирани во сите судови во Република Македонија, при што почнувајќи од јануари 2010 година системот е ставен во функција, заменувајќи го рачното процесирање на предметите, во согласност со измените и дополнувањето на Судскиот деловник. При тоа АКМИС е инсталиран во секој суд посебно, додека во центарот за информатика на Врховниот суд е инсталиран и функционира и еден централизиран дел од АКМИС-от кој го опслужува целото судство.

Врз основа на извршениот увид во деловните книги, презентираната документација и извршеното интервју со одговорните лица во Врховниот суд, а во врска со АКМИС системот, ревизијата утврди дека во деловните книги на Врховниот суд не е воведена евиденција на нематеријално средство (делот од АКМИС-от кој е инсталиран и функционира во Врховниот суд), не се презентирани уредни документи за примопредавање на инсталираниот софтвер, не е утврдена неговата вредност и не е обезбедена документацијата од извршената набавка (склучениот договор и фактурата од испорачателот), ниту од страна на Министерството за правда е добиено известување за воведување на средството во книговодствена евиденција.

Во врска со инсталираниот АКМИС, од страна на директорот на проектот до претседателот на Врховниот суд, на 20.02.2013 година доставен е писмен допис, како одговор на усното барање од одржаната средба на 06.02.2013 година за доставување на податоци за обврските кои ги има компанијата за одржување на АКМИС-от во пост гарантниот период: јануари 2011 година - 15 јануари 2016 година. При тоа во прилог е доставен извадок од договорот каде се специфицирани обврските за одржување и надградба на системот во горе споменатиот период. Од приложениот документ ревизијата утврди дека договорената вредност на одржувањето по истекот на гарантниот рок, за период од 5 години изнесува 2.132 илјади денари.

Ревизијата смета за потребно да укаже дека ваквата состојба упатува на неизвесност и ризик дека, по истекот на договорениот пост гарантен период за одржување на системот (15.01.2016 година), Врховниот суд и сите судови во Република Македонија во целина можат да бидат изложени на дополнителни и непредвидени трошоци за одржување и евентуални промени и надградби на системот кои ќе треба да се прават во наредниот период.

Во врска со претходно наведеното, на ден 31.05.2013 година претседателот на Врховниот суд, по барање (бр.03-898/13 од 30.05.2013 година) поднесено од страна на Работното тело за стандардизација на употребата и унапредувањето на АКМИС во судовите, донесува Одлука за формирање на Комисија за

[11] Оригиналното име на Проектот е: Judical Reforms Implementation Project (JRIP).
[12] Оригиналното име на системот е Automated Court Case Management Information System (ACCMIS).

имплементирање на новиот Закон за кривична постапка во АКМИС Програмата, што всушност ќе предизвика потреба од надоградување на самиот систем.

7.4. Со одредбите на Законот за парничната постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 79/05, 110/08, 83/09, 116/10 и 07/11) и Законот за кривичната постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 150/10, 5/11 и 100/12) е уредено доставата на поднесоците да се врши по електронски пат во електронско сандаче, при што со последните измени на наведените закони е уредено одредбите од законот кои се однесуваат на вршење на доставата по електронски пат да се применуваат од 09.09.2011 година, односно 01.12.2013 година.

Во рамки на Проектот за правна и правосудна имплементација и институционална поддршка, финансиран со заем од Светска Банка-Меѓународна Банка за Обнова и Развој (ИБРД), како дел од третата компонента на проектот - Подобрување на судските системи со информатичка технологија, за потребите на Врховниот суд, набавен е софтвер за електронска достава на судски документи, за што од страна на Проектот при Министерството за правда примено е Известување[13] за воведување во книговодствената евиденција на Врховниот суд на набавените материјално технички средства.

Кон Известувањето приложен е примерок од договорот со испорачателот на софтверот број 007-11, склучен на ден 24.02.2012 година во вкупна вредност од 3.882 илјади денари. Наведениот софтвер е евидентиран во известувачкиот период во деловните книги на Врховниот суд на позицијата Вонбилансна евиденција ("долгорочни нематеријални средства – софтвер Електронска достава на документи во судовите").

Врз основа на извршениот увид во доставеното известување, приложениот договор и другата пропратна документација, пописната документација како и искажаните податоци во деловните книги, ревизијата го утврди следното:

- набавката е реализирана по фактура бр.1552012 од 30.03.2012 година кон која се приложени два документи кои се изготвени на англиски јазик и тоа: "Training Certificate Form" и "Operational Acceptance Sertificate Form" од датум 30.03.2012 година[14] потпишани од менаџерот на проектот. Наведените документи не се верификувани од одговорните лица во Врховниот суд, ниту е приложен друг документ за примопредавање на софтверот (записник односно испратница);
- на ревизијата и се презентирани верифукувани работни налози за извршени активности од страна на испорачателот на софтверот, кои датираат во периодот од месец мај до септември 2012 година а се однесуваат на повеќе видови на инсталација, подесување, конфигурација, интеграција, како и

[13] Известување бр.07-21/70 од 14.11.2012 година (заведено во Врховниот суд со бр.03-1460/12 од 15.11.2012 година).

[14] Гарантниот период за софтверот истекува на 31.03.2013 година.

тестирање на системот за Е-достава и обука на систем администраторите од судовите.

- во извештајот од извршениот попис со состојба на 31.12.2012 година, од страна на пописната комисија е утврдено дека "софтверот – Систем за електронска достава на документи во судовите, во износ од 3.882 илјади денари, според изјавата на раководителот во компјутерскиот центар, е инсталиран само во една машина и истиот не е тестиран ниту даден во употреба и во сметководството се води вонбилансно.";
- во текот на тековната 2013 година претседателот на Судскиот совет на Република Македонија доставил Известување[15] до Врховниот суд со кое наложува во најкус можен рок да се преземат потребни дејствија за примена на одредбите на електронска достава на писмената, а Основниот суд Велес се определува како пилот суд за пробната електронска достава, по што претседателот на Врховниот суд со писмен допис се обратил до Основниот суд Велес.
- во погоре споменатиот документ "Потреби од инвестиции и одржување на IT хардверски и софтверски системи во судскиот систем на Република Македонија за 2013 година", меѓу другото е наведено дека со цел ставање во функција на централизираниот „Систем за електронска достава на судски документи" во текот на 2013 година, потребно е да се обезбеди соодветно обучен високо стручен IT персонал за одржување на целокупниот систем и да се обезбедат соодветни технички услови[16], при што проценетата вредност на потребни средства за оваа намена изнесува вкупно 17.000 илјади денари.

  Централизираниот „Систем за електронска достава на судски документи" кој е инсталиран во Врховниот суд во текот на 2012 година, до денот на известување од извршената ревизија не е ставен во функција.

  Со оглед на истечениот едногодишен гарантен период (31.03.2013 година), како и висината на финансиски средства потребни за ставање на системот во функција, а кои не се обезбедени со финансискиот план на Врховниот суд односно судскиот буџет за 2013 година, останува неизвесно отпочнувањето на неговото користење од страна на целиот судски систем во Република Македонија во наредниот период.

Скопје, 12.08.2013 година

[15] Известување бр.03-507/1 од 26.02.2013 година.
[16] "Хардвер, системски софтвер, лиценци, дисковен систем со висока достапност (storage), надградба на безбедносниот Firewall система, дополнителна синхрона линија и одржување".

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2012 година

во 000 денари

| **Опис на позицијата** | **2012** | **2011** |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 66,276 | 64,895 |
| **Вкупно приходи** | **66,276** | **64,895** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати и надоместоци | 55,273 | 54,813 |
| Стоки и услуги | 10,772 | 9,832 |
| Субвенции и трансфери | 231 | 250 |
| **Вкупно тековни расходи** | **66,276** | **64,895** |
| **Вкупно расходи** | **66,276** | **64,895** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2012 | 2011 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Побарувања од вработените | 45 | 119 |
| Активни временски разграничувања | 9,922 | 10,409 |
| Залихи | 448 | 408 |
| **Вкупно тековни средства** | **10,415** | **10,936** |
| **Постојани средства** | | |
| Нематеријални средства | 2,841 | 1,201 |
| Материјални средства | 8,058 | 6,607 |
| **Вкупно постојани средства** | **10,899** | **7,808** |
| **Вкупна актива** | **21,314** | **18,744** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 5,428 | 5,766 |
| Краткорочни финансиски обврски | 172 | 113 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4,322 | 4,531 |
| Пасивни временски разграничувања | 45 | 118 |
| **Вкупно тековни обврски** | **9,967** | **10,528** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 11,347 | 8,216 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **11,347** | **8,216** |
| **Вкупна пасива** | **21,314** | **18,744** |

## ПРЕГЛЕД НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА ДЕЛОВНИ СРЕДСТВА И РЕВАЛОРИЗАЦИОНА РЕЗЕРВА ВО 2012 ГОДИНА

во 000 денари

| Ред. Бр. | О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (Зал. на мат., рез. делови, сит. инв. и хартии од вредн.) | ВКУПНО ИЗВОРИ НА ДЕЛОВНИ СРЕДСТВА И РЕВАЛ.РЕЗЕРВА |
|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 (2+3) |
| | **Состојба и промени на капиталот и резервите** | | | |
| I | **Состојба на ден 01 јануари 2012** | **7,808** | **408** | **8,216** |
| | **Зголемувања:** | **15,984** | **654** | **16,638** |
| | Набавка на постојани средства | 1,170 | 654 | **1,824** |
| | Ревалоризација на материјални и нематеријални средства | 5,229 | - | **5,229** |
| | Преотстапени постојани средства | 9,585 | - | **9,585** |
| | Вишок по попис | - | - | - |
| | Останати зголемувања (да се | - | - | - |
| | **Намалувања:** | **(12,893)** | **(614)** | **(13,507)** |
| | Амортизација на постојани средства | (5,632) | - | **(5,632)** |
| | Кусок по попис | - | - | - |
| | Ревалоризација на амортизацијата (вредн. усогл. на аморт.) | (4,744) | - | **(4,744)** |
| | Амортизација на постојани средства за претходен период | (2,517) | - | **(2,517)** |
| | Останати намалувања | - | (614) | **(614)** |
| II | **Состојба на ден 31. декември 2012** | **10,899** | **448** | **11,347** |